# III. МАКЕДОНСКИТЕ МАНАСТИРИ - ВЕКОВНИ УНИВЕРЗИТЕТИ НА БОГОПОДОБНИ ЛИЧНОСТИ

Речиси сите македонски манастири се апсолутно вклопени во природната средина. Тие глаголат за својата милениумска старост. Линијата на историските движења ја следи линијата на девствениот еколошки амбиент. Манастирите не им се противат на линиите на природата и просторот. Тие имаат моќ да го асимилираат историскиот тек на времето од IX век до денес и да го возглават боготворениот свет околу себе. Во тој синтетички чин на органско собирање на сé во едно, манастирите ја рекапитулираат своеобразноста на местото и на градежните матерјали. Напоредно со тоа, тие вршат своевидна вивисекција на природната стварност и ни ја откриваат како κόσμος, односно како ред или украс со лична хармонија и убавина. Нашите богољубиви предци, по силата на апостолско-патристичкото благочестие, го вообличиле вештеството со образот на Логосот. Ги граделе манастирите за да му станат тело на воплотениот Логос.

Возвишеноста на молитвено-креативниот дух на боговдахновените старци-игумани, ја вознесува севкупната манастирска градба кон Небото. Од Светиот Дух осмисленото творештво на манастирските неимари ги облагородува и ги преобразува природните карпи. Подвигот на „пролевање крв“ го ткае внатрешното битие и севкупниот живот на светите жители, подвижниците и поклониците на монашките киновии. Тие ни ја кажуваат својата тајна преку животите на сите свети души вградени во телото на манастирот. Нивните животи се ткаени од смислата на горештата љубов кон Бога. Смирувајќи се пред Бога и еруптивно стремејќи кон Бога преку подвизи, молитви, постови и преумно покајание, ја „пролевале крвта своја“ за Христа, бидејќи во коренот на монашката философија на животот почива апофтегмата Δόσσε αίμα, λάυε πνένμα! (Дај крв, прими дух!). Но, доколку Духот се прима преку пролевање на крв, дотолку помалку ќе треба да се сомневаме дека тоа се прави за сметка на природата што се убива. Природата на човекот не само што не умира, туку таа се ослободува од ропството на страстите и од смртта, т.е. од демонската тиранија и нејзиното органско проникнување во Божествениот бескрај и слобода. Токму затоа за македонските манастири зборуваме како за икони напишани во камен. Секој манастир посебно претставува духовен простор на мистични процеси. Во него човекот служи, се воздига и богослужи.

Православната духоносна архитектура на македонските манастири, органски ги поврзува во една хармонична целина природата и уметноста, органската и неорганската материја, умот што гради и целта поради која се гради. Сé има душа. Дури и почвата на која е втемелен манастирот, ја открива својата тајна преку нејзиното ѕидување и принесување кон возвишената небесна логика. Зборуваме за апокалиптичната иконографија на трисветата тајна за Бога, за човекот и за природата и за повикот да се сочува нејзината

примордијална складност и единство. Градителите на македонските манастири поседуваат духовен ритам складен со црковниот ритам. Тоа им отвора видици sub specie aeternitatis. Светот со своите димензии присуствува во градбата, за од неа да биде вознесен. Големите централни кубиња на манастирските католикони ја чуваат полнотата на кругот. Нивното исчекорување кон небесниот бескрај ја смирува душата на човекот. Во точката на допирање на небцето (малечкото небо) на куполата со Небото, Небото и земјата заемно се проникнуваат.

Како носители на небоземната тајна, православните македонски манастири суштински му се противставуваат на секуларниот град. Копнежот и стремежот кон небесниот град Ерусалим, од манастирот гради жилиште за небесниот народ-монаштвото. Црнорисците на византиско-словенските православни монашки киновии во Македонија, живееле во антиградски амбиент и во согласност со маченичкиот етос на Црквата Христова. Всушност, монаштвото се открива како маченишство по совест и го носи крстот на мачеништвото во крв, поради копнежната желба да се оствари евангелскиот идеал. Македонските ангелопрепоси ѝ се уподобиле на праначалната Троица и доспеале до првоначалната чедност (девственост), откако безрезервно ѝ се предале на монашката аскеза. Тоа значи дека сѐпотполната девствена природа на Бога си ја претпоставиле како цел и конечна состојба, т.е. како есхатолошка смисла, а монаштвото како τάεις (ред, вокација). Впрочем, повикот кон бескрајното е цел и тенденција на човечкото битие воопшто. Поради тоа, девствената природа на Триипостасниот Бог и едноставноста (простотата) на ангелскиот живот во вечноста го ткаат монашкото битие. Монахот не можеме да го обвиниме за предизвиканата светска дисхармонија. Напротив, калуѓерите на православниот антиград се носители на небесната хармонија и изобличувачи на егоцентризмот. Тие се залагат за единство и хармонија на човечкото битие. Монашкиот перснализам е спротивен на секуларниот индивидуализам.

Киновитскиот (општежителниот) тип на монаштво се нарекува *царска средина*. Условите на живеење што ги нуди киновијата се најоптимални, а неговите можности се максимално совпадливи со битијните капацитети на човечкото битие. Впрочем, човекот по природа е κοινονικόν γώον (општествено битие). Духовното раководство на игуманот не го изневерува принципот на соборно одлучување во монашката киновиа. Игуманот е прв меѓу еднаквите (рамните) на себе си. Тој го чува и го афирмира принципот на соборност олицетворен во соборот на старците. Социјалниот живот на киновитите има фундаментално значење и тој се темели на духовниот живот. Социјалната димензија на манастирот не е спорна, но таа на црнорисците не смее да им се претпостави ни како цел, ни како смисла, т.е. како τρόπος ὑπάρξεως (начин на постоење на битието). Социјално-финансиската (матерјалната) компонента на општежитието се става во служба на духовниот живот. Духовниот живот се чува и во отсуство на материјални добра. Доколку пак, духовниот живот се темели исклучиво на материјалните вредности, тогаш кога ќе ги нема, трпи ерозија.

Соборниот карактер на киновитското монаштво го сосекува во корен самољубието. Монахот, доброволно и слободно се откажува од сопствената волја за сметка на волјата Божја. Со тоа на љубовта и́ се овозможува да стане кохезиона сила која го гради животот во заедница. љубовта како фактор на соборнизирање не е сведлива на емоционално ниво. Таа секогаш се прима како димензија на Бога. Затоа православните црнорисци од Македонија ревносно ги оживотворувале монашките правила на Свети Василиј Велики. Тоа ќе го илустрираме со правилото за соборниот живот: „Заеднички живот го нарекувам оној живот од кого е истерана приватната сопственост“. Тоа ќе го протолкуваме како откажување од монополот над битието и над манастирската и личната сопственост. Судирот на мислења отстапува пред единомислието кое има духовна сила да ги совладува препирањата околу прашањата за соборната вера, спасението, страданијата и верниците. Мнозина се еден, а едниот не е сам, бидејќи сите заедно се еден. Едниот се поистоветува со сите и сите се идентификуваат со еден. Луѓе од разни земјисе соединуват до тој степен што, функционираат како една душа во многу тела. Многуте тела стануваат орудие на една мисла. Сите тела се во движење, но не без поредок и надвор од правилно разбраниот православен персонализам. Сите членови на братството сочинуваат една душа, една мисла и едно срце. Телесно болниот мнозина со душите го составуваат. Не постои подлабока социолошка димензија од човечкото проникнување. Не се остава простор за постоење на страв од казна. Црнорисците прифаќаат слободно, со љубов и со учество на сето свое битие заедно да си служат. При тоа нивната слобода не се ничкосува во насилство. Слободата не само што не е тиранија, туку таа е радосна и взаемна согласност. Љубовта е таа благословена сила што доброволно ги потчинува едни пред други. Православните калуѓери (добри старци) од Македонија, како и сите монашки поколенија пред нив го искупувале гревот на Прводродителите Адам и Ева, своите ллични гревови и гревовите на својот народ. Гревот на препраткото Адам е содржан во одбивањето слободно и со љубов да богослужи.

Ете зошто монашките киновии претставуваат икони на ангелскиот живот на Небото. Ангелопрепосите копнеат по жиотот на ангелите. Преподобен Теодор Студит го употребил изразот ангелопрепос = ангелоподобен, поради тежбата на монасите подобно на ангелите, богатството на сите да го примат како свое, но и сите свои земни и небесни дарови да ги принесат во трезорите на небеското битие. Од заедничката икономија се служат сите без да си нанесат неправда. Заради заветот на потполно и доброволно сиромаштво не поседуваат приватна сопственост но сепак се́ имаат бидејќи се́ на сите им припаѓа. Сите живеат во мири ја зеркаат тајната на домостројот Божји. Затоа монасите се доживуваат како служители на Божествената икономија. Восхитуваат чистотата и чедноста со кои му служат на Бог Троица. Нивниот монашки τάξις е содржан во повикот да постигнат апсолутно единство со првоначалниот Еден. Монаштвото како и севкупното христијанство се темели врз вредностите што на човекот суштествено му се потреби, врз подобриот дел што „не ќе биде одземен“ (Марта и Марија). Повикот е стремежот за соединување со Бога (νέωσις) се

целта на монашкиот τάξις. Во единството со Бога, монахот станува богоподобна личност по благодат. Тоа се случува во манастирот. Поради тоа, православните манастири во Македонија оправдано се нарекуваат духовни универзитети на богоподобни личности.

Душата на православните византиско-словенски монашки универзитети во Македонија е Светата Литургија. Литургизмот на секое слово, на секоја молитва, на секое движење и дејство (акција), изречени или извршени од свештеномонасите на унуверзитетскиот монашки антиград, нé соочува со Христос и неговото живо присуство среде Новиот Израил во Македонија. тоа воспоминание (анамнеза), не смее да се изедначи со психолошкото памтење на нешто што поминало и веќе го нема. Литургиската анамнеза не е ниту символички израз или претстава на нешто што му припаѓа на мртвото минато. Таа не учествува во театарската игра на возобнова на мртвото минато. Во Светата Литургија Бог се открива автургично (самодејствено) и му се дава на човекот, а човекот возвраќа така што, несебично му се предава на Бога. Преку воздарените евхаристиски дарови, (лебот и виното), човекот и сета создадена твар му се принесуваат на Бога. Тоа е израз и одраз на взаемното дарување. Природа е дар Божји за човекот и човеков воздар за Бога.

На тој начин монашкиот литургизам ни ја открива триедната тајна на животот: тајната на Бога, тајната на човекот и тајната на космосот. Оваа света тријада функционира врз основа на вистинскиот и здравиот троичен синергизам. Богослужењето е човечки одзив на повикот Божји. Монашкиот литургиски динамизам нé соочува со стварноста за гревот на прводителите. Тој не е митски символ со чија помош човекот се напрега да ја протолкува својата историска трагедија. Зборуваме за присутност повеќе од реална. Подобно на Адама во рајот, битието на секој човек ја истерува од себе и од светот убавината на Архетипот. Тоа се случува така што човекот го заборава нејзиното присуство и се крие од неа. Мерата на отуѓувањето од убавината ја следи мерата на отуѓувањето од себе си. Тогаш кога човекот ги погазува повелбите Божји, ја гази светоста на своето сопствено битие. Демонската енергија на страстите доведува до алиенација од Прволикот. Тогаш ликот (образот) потемнува. Светот и човекот јагубат својата иконичност и се претвораат во идоли. Така се ѕида темниот кинески ѕид помеѓу Бога и човекот, помеѓу човекот и човекот, помеѓу човекот и светот.

Литургиската мистагогија на мистагозите (тајноводителите) на македонските монашки антиградови, светотаинствено воведува и интегрира во вистинскиот живот. Таа не е само сведок на Христовото присуство по силата Светиот Дух, туку и изобразување на Христовиот начин на живеење, т.е. на неговиот етос.

Православните педагози на македонските монашки универзитети го афирмираат персоналистичкиот модел на вреднување на нештата. Според нив, категориите: вистина, убавина, добрина и светост, несомнено постојат, но како својства на персоналистички разбраниот Бог. Овие категории ја овозможуваат комуникацијата на човекот со Триипостасниот Бог и обратно. Наведените (посочените) аксиолошки категории, претставуваат поими со

изразено персоналистички белези. Тие не постојат сами по себе и не престојуваат во сфеери чија егзистенција е независна од Бога. Триипостасниот Бог нив не ги создава како што го создал светот. Таа аналогија не постои, бидејќи тие се самиот Бог, кој ни се открива преку нив. Тие се енергии на Божественото битие. Тоа што аксиолошката педагогија го именува со поимот категории или вредности, монашкиот универзитет го именува со поимите: „својства (особености) Божји“, „енергии Божји“, „печат Божји“, впечатени врз тестото од битието на човекот и на светот. Од тие причини, вистинска средба помеѓу човекот и Бога, никогаш не ќе се случи со посредување на светот. Само личната средба на човекот со Бога, преку причестувањето (соединувањето) на човекот со Божествените сили и енергии ја пресоздава, од гревот и смртта разградената природа на човекот и повторно го воспоставува прекинатиот дијалог *лице в лице* помеѓу човекот и Бога. Апостасијата и отуѓувањето на човекот од Бога се залечуваат со светата евхаристија и од неа источените тајни.

Надвор од вистината, аксиологијата останува философска теорија. Според монашката педагошка практика, единствениот критериум на сите вредности не е содржан ниту само во човекот, ниту само во светот. Но, и во човекот и во светот постојат извесни елементи за откривање на тие вредности. Тоа што Бог го открива како вредност é вредност и тоа што Бог ќе го признае за вредност е вистинска вредност.

Универзитетите на монашките киновии од Македонија се темелат на богооткриени и богопризнаени вредности. Затоа биле и во иднина ќе мора да бидат во состојба да нé даруваат со вистинско воспитание и образование на секоја личност посебно и на сето наше етнчко стебло. Зашто, егзистенцијалниот писок на човечкото срце не ќе може да се идентификува со гласот на хуманитарните структури, кои на човекот му обезбедуваат комфор во рамките на историското постоење, или задоволување на телесната глад и потреба. Човекот во сé и зад сé ја бара сладоста на Лицето Божјо, и во неговото гледање и во општењето со него наоѓа вечна утеха.

Кога безличната социјална одговорност ќе го замени личното покајание и постојаната борба против отуѓувањето од себе си вистинскиот и од другите, предизвикано од демонската и егоцентрична осаменост, тогаш човечките потреби лесно стануваат поважни од самиот човек и се губи чувството за оценување на луѓето и на предметите. Тоа е резултат на изгубеното чувство за конечната и вистинската полнота на образот на Триипостасниот Бог и свеста за неговата незаменливост. Човекот заробен од предметите и од гладта по нив, ја жртвува личната средба со Бога за сметка на деперсонализираната комуникација со посредство на предметите. И секогаш кога се заборава дека човекот „не живее само од леб“, личноста и душата се купуваат или се продаваат - за леб. Од замената на човекот со неговите потребности и со леб, до револуционерниот геноцид на милиони луѓе заради заситување на човечките потреби,-останува еден чекор.

Во македонските манастири владее потполно и невременско тиховање. Во манастирите се фокусираат патиштата на овој свет. Молчанието станува клуч за разбирање на гораздата манадтирска тајна. До

денеска не престанале да чудотворат. Чудесните собитија се случуваат преку природниот амбиент и надумно убавата архитектура. Манастирите со сите свои убавини стануваат сведок на една подлабока убавина. На неа се соѕидани манастирите и во пазувите на таа убавина се кријат сите нивни тајни. Нивната сéтајна е содржана во копнежот на човекот и на светот да се преобразат: да станат нов човек и нов свет. Нивните природи се ткаат еден цел милениум. Нивната историја и живот, калуѓерите, фреските и иконите, сé што било во нив и е соѕидано, сé што е нивно минато и сегашност, сведочи и шепоти една тајна: човекот, онаков каков што е и онолкав колкав што е, е премалечок, недовршен и скуден. Има потреба од вптополнување, продолжување и довршување со бескрајот Божји. Човекот е беспомошно обѕидан од темнината и слепилото. Му треба закрепнување, просветување и преобразување со силата на Божествените несоздадени енергии и вечната неракотворена светлина.

Како некогаш така и денес, манастирите треба да останат источници на добродетелен живот, но и простор за преобразба на личното и народното битие, на човекот и на сета твар. Манастирите повикуваат на преобразба. Нивната тајна е тајната на Православието. тајната на Црквата, телото на Богочовекот Христос.

Тогаш, каква е врската на монашкиот антиград и неговиот литургиски крвоток со немирното искање на нашево време? Монашкиот литургизам на современиот човек му заличува на фосилен остаток од минатото, или на егзотика поради архаичноста. И во двата случаи како да се работи за нешто што му е туѓо на неговиот животен ритам.

Христијанството имало и сé уште има само еден одговор на егзистенцијалниот писок на човекот. Тој одговор е Светата Литургија со Светата Евхаристија како нејзино срце и содржина. Литургијата претставува историско откривање на тајната на животот како тајна на взаемно општење и радосно гледање лице в Лице. Во таа смисла, подвижништвото на македонските црнорисци се открива како пат на вчленување во соборниот организам на Телото Христово, но и како пат по кој се движи за да се постигне хармонијата на битието и неговото сéединство.